Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавен сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/16), градоначалникот на Општина Штип, донесе

**Правилник**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работни места во општинската администрација на Општина Штип**

Член 1

Со овој правилник се вршат измени и дополнувања во Правилникот за систематизација на работни места во општинската администрација на Општина Штип бр.09-8777/1 од 22.10.2015година и тоа во глава IV, Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина во реден број 77 називот на работното место од ,,Аналитичар на урбанистички планови и урбанистичка документација,, се заменува со зборовите ,,Управни акти,,. Во делот на вид на образование зборовите ,,графичко инженерство,, се заменуваат со зборовите ,, правни науки,,. Во делот работни цели зборовите ,, спроведува работи и задачи како поддршка на одредени функции во одделението во врска со аналитички работи на урбанистички планови и урбанистичка документација,, се заменуваат со зборовите ,,аналитички, управни и нормативни правни работи во областа на урбанизмот и животната средина,,. Во делот работни задачи ,, анализа на степенот на реализацијата на урбанистичките планови, изработува плански програми за изработка на урбанистичка документација, годишна програма за изработка на урбанистичка документација, програми и анализи за постојна состојба на поедини објекти, подготвува идејни решенија за улични силуети, идејни разработки на поедини локации,, се заменува со зборовите ,, учествува во изготвува управни и нормативни правни акти, учествува во водење на управни постапки, ги следи прописите во врска со урбанизмот, градежништвото и животната средина, учествува во изготвување на извештаи и информации од надлежност на советот од областа која ја покрива, ги следи и планира потребите за домување на територијата на општината, учествува во изготвување предлог-годишна програма и превзема мерки и активности за нејзина реализација, предлага општи правила за употреба на становите и станбените објекти и начинот за реновирање на објектите и подобрување на надворешниот изглед на станбените згради, активно работи во постапките за легализација на бесправни градби,,.

Член 2

Во глава IV Одделение за општи работи, во работно место под реден бр. 38, во делот вид на образование на зборовите ,, Правни науки, Економски науки,, се додава и зборот ,,Образование,,.

Член 3

Во глава IV, Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина, за работно место со реден бр.79, се врши изменување во делот на вид на образование, се додаваат зборовите ,,Рударство, Наука за земјиштето и хидрологија,, а се бришат зборовите ,, Хемиска технологија, математика,,

Член 4

Во глава IV, Одделение за комунални дејности, работно место со реден бр.91, назив на работно место Јавно-комунална дејност, во делот број на извршители бројот „3„ се брише, а се заменува со бројот „2„.

Член 5

Во глава IV, Одделение за услуги и информирање на граѓаните, работното место со реден бр.22, а со назив на работно место „Контакти со граѓаните„ се брише.

Член 6

Составен дел на овој Правилник е изменет Табеларен преглед на работните места во Општина Штип.

Член 7

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст во Правилникот за систематизација на работни места во општинската администрација на Општина Штип, кој ќе се смета за донесен по добивањето на согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. ________/___
Датум_________

Општина Штип
Градоначалник
Прим.м-р Илчо Захариев